**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-1248/2
14.02.2024 година

| | |
|---|---|
| **СУГС„Димитар Влахов“ – Скопје** | |
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 04 – 07.12.2023 година |
| **Број на извештај:** | 21/скопски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Соња Миладинова |
| **Вид на училиштето:** | Средно училиште |
| **Подрачни училишта** | Нема |
| **Основач на училиштето:** | Совет на Град Скопје |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 486 |
| **Полова структура на ученици:** | 242 машки и 244 женски |
| **Број на наставници:** | 64 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Елизабета Стојановска |
| **Директор на училиштето:** | Јасминака Гудоманова |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 05 – 07.03.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.„3-та македонска бригада“, бр.22, Скопје |
| **Телефон:** | 02 2464 590 |
| **Факс:** | 02 2462 733 |
| **e-mail:** | sugsdimitarvlahov@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | Добро (3,32) |

Инспекцискиот надзор  е извршен во  согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат за 2023 година и Законот за просветната инспекција, во периодот од 04 до 07 декември 2023 година, тим од државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на СУГС„Димитар Влахов“ – Скопје.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работењето во СУГС„Димитар Влахов“ – Скопје е **добро**[1] (3,32).

Во СУГС ,,Димитар Влахов’’ - Скопје се реализират наставните планови и програми за стручно образование за следните струки/сектори односно профили/квалификации:

1. Лични услуги

- фризер (дуална - со зголемен број на часови во практична настава поминати во компанија), Фризер, естетичар за нега на раце и нозе (дуална) и естетичар за нега на раце и нозе, тригоднишно образование и

- техничар за козметичка нега и убавина (дуална) и техничар за козметичка нега и убавина, четиригодишно образование.

2. Хемија и технологија

- месопреработувач (дуална) и млекопреработувач, тригоднишно образование и

- прехранбен техничар (дуална), прехранбен техничар, техничар за козметички и хемиски производи (дуална) и техничар за заштита на животна средина, четиригодишнио образование.

3. Графичарство

- печатар и доработувач на графички производи, тригодишно образование

- графички уредник-дизајнер (дуална) и графички уредник-дизајнер, четиригодишно образование.

Практичната настава е застапена во сите образовни профили/квалификации, се реализира од I до IV година. Неделната застапеност на часовите за практична настава се движи од 2 до 14 часа. Практичната настава се организира во училишни кабинети опремени со материјали и опрема за практична настава и во компании.

Поради спецификите на струката, односно образовните профили/кавалификации кои се изучуваат, во процесот на воспитно-образовната работа има вклучено еден ученик со посебни образовни потреби со издаден наод и мислење од надлежна институција. Има 13 ученика со потешкотии во учењето. За работа со тие ученици училиштето има формирано Инклузивен тим со Одлука бр.02-1663/1 од 19.09.2023 година. Инклузивниот тим има програма за работа, заведена со дел.бр.03-2086/1 од 03.11.2023 година.

Училиштето почнувајќи од учебната 2015-2016 година планира и реализира активности од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. На редовните часови планирани се содржини за меѓуетничка интеграција, а има склучено и меморандум за соработка со друго партнер училиште. Во рамките на планираните активности училиштето реализира заеднички часови со ученици кои следат настава на македонски и албански наставен јазик.

Училиштето има регистриран училишен спортски клуб „Влаховци“ – Скопје, заведен во Централниот регистар на РСМ со дел. бр.30120150002037 од 02.03.2015 година. Активностите на училишниот клуб во одбојка и футсал се реализираат во спортската секција на училиштето.

Средниот успех во последните три учебни години е добар (3,41). Средниот успех на учениците во учебната 2020/21 година е 3,30; во учебната 2021/22 година е 3,34 и во учебната 2022/23 година е 3,59. По завршување на четиригодишното образование помал дел од учениците се определуваат за полагање државна матура, а поголем број за завршен испит. Во последните три учебни години најголем дел од пријавените ученици успешно ги завршуваат испитите од државната матура и завршниот испит.

Со актите и нормативите во училиштето е предвидена одредена хоризонтална проодност на учениците од еден на друг образовен профил, а имало 3 такви барања од учениците.

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Бројот на запишани ученици во прва година во учебна 2021/22 година е 174 ученици, во 2022/23 е 177 учениците и во 2023/24 тој изнесува 174 запишани ученици.

Вкупниот број на изостаноци на ученици на ниво на училиште во учебната 2020/21 година изнесува 23 425, од кои 2690 неоправдани изостаноци односно 6 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната 2021/22 година вкупниот број на изостаноци изнесува 26 569, од кои 12983 неоправдани или 6 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната 2022/23 година вкупниот број на изостаноци изнесува 34 785 изостаноци, од кои 3244 неоправдани изостаноци или 7 неоправдани изостаноци по ученик. Нема значајни промени во бројот на неоправдани изостаноци по ученик.

Во учебните 2021/22 и 2022/2023 година реализирани се 193 (групни и индивидуални) советувања на родители и ученици, 90 по основ на нередовно посетување настава и 103 советувања на родители и ученици, заради намален успех во учењето. Во текот на учебната 2023/24 година советувањата се реализираат тековно согласно со утврдените потреби.

Во текот на интегралната евалуација училиштето располага со вкупно 90 персонални компјутери распределени во 2 кабинета (информатика и графичарство) по 25 работни места-монитори, останатите компјутери се распределени во секоја училница и во останатите простории на училиштето. Од информатичко компјутерска технологија училиштето располага со 99 лаптопи, 6 смарт табли, 22 ЛЦД проектори и 30 таблети за учениците.

Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и во планирањата имаат предвидено реализација на наставни содржини со примена на ИКТ и користење на дигитални и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата е во согласност со предвидената динамика во годишните планирања.

Практичната обука се изведува во училиштето и во реални работни услови во приватни компании кои имаат потреба од стручни кадри кои што се образуваат во ова училиште. За реализација на практичната обука во текот на учебната 2023/24 година, училиштето има склучено меморандуми со 90 компании и тоа: Афродита С, Компанија Петковски, Полиестер Деј, Печатница Гапо, Жанета Естетик, Фризер Скопје, Фризерски салон 501, Фризер Тоше, Пивара Скопје, Млекара Суташ, Рептил, Пекара Диме, Компанија Атанасовски, Пекара Пите и други. Секоја учебна година се зголемува бројот на работодавачи со кои училиштето развива партнерски односи.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава и други воспитно-образовни активности. Училиштето има физичко обезбедување. За таа цел има склучен Договор бр.0307-2423/1 од 31.08.2023 година со Друштво за услуги СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИС ДООЕЛ СКОПЈЕ кој опфаќа физичко обезбедување за време на наставата (од 07:00 do 19:00 часот). Сите ученици се осигурани заради потребите при реализирањето на практичната настава со Полиса бр.405074000185 од Акционерско друштво за осигурување Винер.

Во училиштето има политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и употреба на наркотични супстанции. Нема забележано вакви појави во училиштето. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на ученикот со физичка попреченост. Просторот во ходниците и во училниците на приземјето овозможува негово движење. Училиштето има и прилагоден тоалет за ученици со физичка попреченост.

Хигиената во училиште е на високо ниво. Во текот на учебната година во училиштето се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а последната е извршена на 19.09.2023 година од ДТУ ТОКСИ-ВЕТ дооел, Скопје. Дворот на училиштето е уреден и чист од секаков вид отпадоци, а земјените површини се позеленети и редовно се одржуваат. Предниот дел од дворот е уреден со зеленило и клупи.

СУГС„Димитар Влахов“- Скопје е препознатливо според струките кои што се изучуваат, квалитетот на работа како и според остварувањето на визијата и мисијата. Училиштето остварува многу добра соработка со компании кои имаат потреба од стручни кадри кои што се образуваат во ова училиште, во кои учениците ја реализираат

практичната настава и кои по завршувањето на образованието нудат можност за вработување на учениците. Училиштето ја подржува инклузивноста, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените добро се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива респект кај родителите.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во училиштето.

Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на многу добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар.

Училишната зграда е објект од тврда градба, со вкупна површина од 2629 $m^2$ со подрум, приземје и кат. Во сопственост на училиштето е и фризерско-козметички салон лоциран во Општина Карпош. Училишниот двор е со површина од 1790$m^2$. Во задниот дел од дворот има отворено игралиште со површина 1100 $m^2$ кое се користи за потребите на наставата по наставниот предмет спорт и спортски активности со оглед дека училиштето нема фискултурна сала. Дворот на училиштето е целосно заграден.

Училиштето располага со 16 училници, 1 кабинет по информатика, 2 кабинети за реализирање на практична настава за образовниот профил фризер од кои еден е надвор од училишниот објект и 2 кабинети за реализирање на практична настава за образовниот профил естетчар за нега на раце и нозе од кои еден исто така е надвор од училишниот објект, еден кабинет/козметички салон за образовен профил техничар за козметичка нега и убавина, еден кабинет/работилница и две хемиски лаборатории во кои се реализираат вежби и практична настава за образовниот профил прехранбен техничар, еден кабинет/работилница за графичарство во кој се реализира практична настава од графичка струка, библиотека, наставничка канцеларија со канцеларија за помошник директор, 4 простории за административно-технички кадар, просторија за кариерен центар, сала за состаноци и мултимедијална училница. Загревањето на училишниот објект е со централно греење.

Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала е многу добра и истата има тенденција на подобрување.

Училишната библиотека е добро уредена, опремена е со 3 компјутери и има пристап до интернет. Располага со повеќе од 5 книги по ученик вклучувајќи ги и лектирните изданија, со околу 2700 наслови лектирни изданија на трите наставни јазици, 884 стручна литература најголем дел на македонски наставен јазик, 5736 книги по жанрови и 134 литература на странски јазик. Има вработено библиотекар со половина работно време ангажиран во библиотеката и останатото е ангажиран како помошник директор. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците согласно распоредот за работното време на библиотекарот.

Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 64 наставници од кои 3 врз основа на склучен договор надополнуваат фонд во училиштето, а правото од работен однос го остваруваат во други училишта. Од нив 22 се вработени на определено работно време. Двајца наставници се приправници и за нив е назначен ментор. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со нормативите од наставнта програма освен 5 наставници кои не се соодветни и 3 делумно соодветни, но истите се ангажирани по пат јавен оглас како единствени пријавени кандидати. Училиштето постапува согласно со законската регулатива при реализација на приправничкиот стаж.

Училиштето има стручен соработник психолог кој е приправник и на кој му е определен менор од ист образовен профил, од друго училиште.

Со училиштето управува Училишнен одбор (УО) конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата и етничката

структура. Сите членови се со важечки мандат. Работата на УО е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива.

Раководен орган на училиштето е Директор во прв мандат, именуван со Решение Бр.08-4394/1 од 21.04.2022 година од Градоначалникот на Град Скопје, кој ги исполнува исполнува условите за директор согласно со закон. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите чинители вклучени во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Промените во образовниот систем успешно ги имплементира во училиштето.

За планирање и реализирање на воспитно-образовната работа во учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа за учебната 2023/2024 година, заведена под дел. бр.01-1350/1 од 14.08.2023 година, разгледана и усвоена со Одлука Бр.02-1427/3 од 24.08.2023 година од Училишниот одбор, донесена од Советот на Град Скопје со бр.27-9915/18 од 28 септември 2023 година. Донесената годишна програма е доставена до Бирото за развој на образованието и до Државниот просветен инспекторат во електронска форма.

Училиштето има изготвено Програма за развој за периодот од 2023 до 2027 година заведена под дел.бр.01-1956/1 од 01.12.2022 година, донесена со Одлука бр.02-1991/4 од 06.12.2022 година на Училишниот одбор. Развојниот план содржи временска рамка и акционен план за реализација на планираните активности.

Училиштето има спроведено самоевалуација за периодот 2020-2022 година, во која се опфатени учебните 2020/21 и 2021/22 година, заведена под дел.бр.02-1001/1 од 30.06.2022 година. Извештајот од Самоевалуацијата е разгледуван и усвоен со Одлука Бр.02-999/3 од 30.06.2022 година од Училишниот одбор. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата електронски е доставен до Државниот испитен центар. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб страната на училиштето dimitarvlahov.edu.mk

Воспитно – образовната работа на СУГС „Димитар Влахов“ – Скопје е уредена со Статут заведен под дел.бр.02-384/6 од 27.02.2020 година, донесен со Одлука Бр.02-384/6 од 27.02.2020 година од Училишен одбор и со добиена согласност од Министерство за образование и наука, Решение УП1 18-639 од 01.07.2020 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

СУГС„Димитар Влахов“ - Скопје се наоѓа во општината Аеродром, со седиште на бул.„Трета македонска бригада“, бр.22 во Скопје. Воспитно-образовната работа се остварува на македонски, албански и турски јазик наставен јазик, во две смени.

Училиштето е од тврда градба, основано во 1955 година со Решение бр.7921 од 25.07.1955 година од Народниот одбор на Град Скопје. Училиштето е запишано во Централниот регистар на РМ со деловоден број 30120220017405.

Дејноста на училиштето е со шифра 85.32, односно техничко и стручно средно образование. За верификација на условите за реализација на наставниот план и наставните програми министерот за образование и наука има донесено:

-Решение за верификација на образовен профил/квалификација техничар за козметички и хемиски производи од хемиско-технолошка струка/сектор хемија и технологија,техничко образование за паралелка со зголемен број на часови по практично образование бр.Уп1 13-910 од 10.05.2023 година, за кој во моментот на интегралната евалуација нема формирано паралелка бидејќи немало интерес од страна на учениците

- Решение за верификација на образовен профил/квалификација прехранбен техничар од сектор хемија и технологија бр.Уп1 13-3447/1 од 10.06.2020 година

-Решение за верификација на образовен профил/квалификација техничар за заштита на животна средина од сектор хемија и технологија бр.Уп1 13-3342/1 од 10.06.2020 година, за кој во моментот на интегралната евалуација нема формирано паралелка бидејќи немало интерес од страна на учениците

- Решение за верификација на образовен профил/квалификација техничар за козметичка нега и убавина од сектор лични услуги бр.Уп1 13-3446/1 од 10.06.2020 година

- Решение за верификација на образовен профил/квалификација графички уредник-дизајнер од сектор графичарство бр.Уп1 13-3444/1 од 10.06.2020 година

- Решение за верификација на образовен профил/квалификација печатар од сектор графичарство бр.Уп1 13-1998 од 20.11.2020 година, за кој во моментот на интегралната евалуација нема формирано паралелка бидејќи немало интерес од страна на учениците и поради слабиот интерес не се нуди како избор на конкурсот за упис

- Решение за верификација на образовен профил/квалификација доработувач на графички производи од сектор графичарство бр.Уп1 13-2160 од 23.11.2020 година, за кој во моментот на интегралната евалуација нема формирано паралелка бидејќи немало интерес од страна на учениците

-Решение за верификација на образовен профил/квалификација месопреработувач од хемиско-технолошка струка, тригодишно образование бр.Уп1 13-1455 од 07.10.2019 година

-Решение за верификација на образовен профил/квалификација млекопреработувач од хемиско-технолошка струка, тригодишно образование бр.Уп1 13-1451 од 07.10.2019 година, за кој во моментот на интегралната евалуација нема формирано паралелка бидејќи немало интерес од страна на учениците

-Решение за верификација на образовен профил/квалификација месар од хемиско-технолошка струка, двегодишно образование  бр.Уп1 13-1452 од 07.10.2019 година, за кој во моментот на интегралната евалуација нема формирано паралелка бидејќи немало интерес од страна на учениците

-Решение за верификација на образовен профил/квалификација фризер од струка лични услуги, тригодишно образование  бр.Уп1 12-2467 од 30.04.2018 година

-Решение за верификација на образовен профил/квалификација естетичар за нега на раце и нозе од струка лични услуги, тригодишно образование  бр.Уп1 13-1439 од 07.10.2019 година.

Во учебната 2023/2024 година се остварува воспитно-образовна работа со 486 ученици распоредени во 40 паралелки. Училиштето има добиено согласност од Советот на Град Скопје за формирање на паралелките со помал број на ученици. За учебна 2023/2024 година со Одлука бр.10 објавена во електронски службен гласник на Град Скопје на ден 27.07.2023 година училиштето добило согласност за формирање паралелки со помал број на ученици запишани во прва година.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи изготвени од Центарот за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието, донесени од Министерот за образование и наука. Во СУГС „Димитар Влахов'' - Скопје се реализират наставните планови и програми за стручно образование за следните струки/сектори односно профили/квалификации:

1. Лични услуги

- фризер (дуална - со зголемен број на часови во практична настава поминати во компанија), Фризер, естетичар за нега на раце и нозе (дуална) и естетичар за нега на раце и нозе, тригоднишно образование и
- техничар за козметичка нега и убавина (дуална) и техничар за козметичка нега и убавина, четиригодишно образование.

2. Хемија и технологија

- месопреработувач (дуална) и млекопреработувач, тригоднишно образование и
- прехранбен техничар (дуална), прехранбен техничар, техничар за козметички и хемиски производи (дуална) и техничар за заштита на животна средина, четиригодишнио образование.

3. Графичарство

- печатар и доработувач на графички производи, тригодишно образование
- графички уредник-дизајнер (дуална) и графички уредник-дизајнер, четиригодишно образование.

Содржините кај поголемиот дел од наставните програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми. Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по општообразовни предмети, стручни предмети (заеднички предмети за струката и предмети карактеристични за образовниот профил/квалификација), практична обука (практична настава и феријална практика), како и дополнителна и додатна настава.

Практичната настава е застапена во сите образовни профили/квалификации, се реализира од I до IV година. Неделната застапеност на часовите за практична настава се движи од 2 до 14 часа. Практичната настава се организира во училишни кабинети опремени со материјали и опрема за практична настава и во компании.

Според наставните планови, феријалната практика се реализира во прва и втора година за тригодишното образование и во прва, втора и трета за четиригодишното образование во сите образовни профили, во траење од 5 до 20 работни дена по завршувањето на наставната година. Феријалната практика се реализира во компаниите со кои училиштето има потпишано меморандум за соработка.

Покрај редовното школување, училиштето дава можности и за вонредно школување и дошколување, со тоа што кандидатите кои имаат завршено несоодветно образование мора претходно да ги положат диференцијалните предмети што се опфатени во дадената струка за која што сакаат да се образуваат.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства да ги информира членовите на советот на родители, другите родители, учениците, како и сите други кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето. Раководителот на паралелката ги запознава родителите со соодветниот наставен план и програма според кој се изведува наставата за образовниот профил/квалификација на нивните деца. Училиштето има изготвено соодветна брошура и преку својата веб страна ги запознава учениците и родителите со применуваните наставни планови и програми, На првата родителска средба родителите се запознаваат со брошурата, а учениците се информираат на првиот час.

Поради спецификите на струките, односно образовните профили/кавалификации кои се изучуваат, во процесот на воспитно-образовната работа има вклучено еден ученик со посебни образовни потреби со издаден наод и мислење од надлежна институција. Има 13 ученика со потешкотии во учењето. За работа со тие ученици училиштето има формирано Инклузивен тим со Одлука бр.02-1663/1 од 19.09.2023 година. Инклузивниот тим има програма за работа, заведена со дел.бр.03-2086/1 од 03.11.2023 година. Спроведена е обука за инклузивно образование во однос на планирање на работата со ученици со посебни образовни потреби.

Постапката за определување на изборните предмети доследно се почитува. Изборот на наставните предмети од листата на изборни наставни предмети од соодветниот наставниот план го вршат учениците по пат на анкетирање.

Слободните часови во учебната 2023/2024 година тековно се реализираат.

Училиштето има изготвен план на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти со вклученост на точките на акции од воспоставените еко-стандарди. Планот на активностите е во согласност со состојбата и структурата на училиштето со цел постигање конкретни резултати во текот на целата учебна година.

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност, училиштето планира активности за прибирање на мислења и нивно разгледување, во однос на наставните планови и програми и учебните помагала, од наставниците и од родителите. Училиштето има склучено меморандум за соработка со СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ - Скопје. Со цел негување на мултикултурализмот постојат примери за организирани заеднички активности во рамки на училиштето, во кои се вклучени учесници од мешани етнички групи, односно учениците и наставниците од македонска, албанска и турска националност. Кај поголемиот број наставни предмети интегрирани се содржини за негување на мултикултурализмот и почитување на различностите.

Постојат повеќе добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина и бизнис секторот. Наставниците кај поедини предмети ги прилагодуваат програмите со содржини според нивните потреби (при реализирање на практична обука, проекти и преку одбележување на значајни датуми, прослави и други манифестации).

Училиштето има разработено насоки за вградување меѓупредметни цели по најголемиот број на програми што се реализираат. Голем број од наставниците ги почитуваат тие насоки.

Училиштето е во постојана соработка со Комора на занаетчии на Град Скопје и Стопанска комора каде што членуваат бизнис партнери и имаат доставено писмена иницијатива до Министерство за образование и наука и до Центарот за стручно образование и обука за измени и дополнувања на програмите во делот на практичната настава со цел зголемување на фондот на часови по пракса особено за струка/сектор лични услуги.

### 1.3. Вонаставни активности

Училиштето планира и реализира вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Учениците учествуваат во секции од 7 области (фризерско-козметичка секција, математичко-информатичка, драмско-литературна,

секција на хемичари и технолози, секција по биологија, фотографска секција и спортска секција). Вклученоста во воннаставните активности е според сопствен избор и со транспарентна процедура. При вклучување на учениците во активностите постои родова, етничка и социјална рамноправност. Училиштето обезбедува услови за активно учество на учениците со потешкотии во учењето во сите активности организирани во и надвор од училиштето.

Училиштето од учебната 2015-2016 година во Годишната програма планира активности од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. На редовните часови планирани се содржини за меѓуетничка интеграција, а има склучено меморандум за соработка со друго партнер училиште. Од учебната 2020/21 година училиштето реализира заеднички часови со ученици кои следат настава на македонски и албански наставен јазик.

Училиштето е партнер (соработник) во организација на Fashion weekend во Скопје на 26 и 27 издание, поддржувач е на балетската претстава Петар Пан во Македонска опера и балет во подготовка на балерините. Во соработка со Црвениот крст на Град Скопје, училиштето се вклучува во активности по повод недела на стари лица преку хумана акција за разубавување на жените од трето доба. Во соработка со Центарот за социјални грижи „Надеж“ училиштето е вклучено во проект за родова еднаквост „Таа може“. Голема е вклученеста на учениците во хуманитарни акции во соработка со Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци и со старски дом „Вита“.

Постојат голем број на примери за реализирани младински иницијативи. Преку ученичката заедница организирана е хуманитарна акција за настраданите во елементарните непогоди во Република Турција и Сирија.

Реализацијата на ученичките екскурзии се врши согласно Годишната програма за работа на училиштето и Правилникот за начинот за изведување на училишните екскурзии на учениците во средните училишта.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Влаховци“ – Скопје заведен во Централниот регистар на РСМ под дел. бр.30120150002037 од 02.03.2015 година. Активностите на училишниот клуб во одбојка и футсал се реализираат во спортската секција на училиштето.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците за сите класификациони периоди, по пол, по наставни предмети, по паралелки и години на

образование за сите наставни јазици. Се вршат анализи на постигањата на учениците за прво тромесечие, прво полугодие, трето тромесечие и на крајот од учебната година.

Постигањата на учениците во последните три учебни години говорат за континуитет на успехот на учениците во училиштето, без големи промени и отстапувања. Средниот успех во последните три учебни години е добар (3,41). Средниот успех на учениците во учебната 2020/21 година е 3,30; во учебната 2021/22 година е 3,34 и во учебната 2022/23 година е 3,59. По завршување на четиригодишното образование помал дел од учениците се определуваат за полагање државна матура, а поголем дел за завршен испит. Во последните три учебни години најголем дел од пријавените ученици успешно ги завршуваат испитите од државната матура и завршниот испит.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците можат да се подобрат. Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците училиштето врши анализа, планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците.

Голем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Во последните три учебни години постигањата на учениците се добри. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило 3 награди од кои :

- една награда на општинско ниво второ место
- една награда на регионално ниво второ место и
- една награда на државно ниво трето место.

Училиштето земало учество и на 9 други натпревари и се стекнало со благодарници и пофалници.

Училиштето има развиен систем за избор на ученик на генерација. Изборот се врши по претходно утврдени критериуми за избор на ученик на генерација. Избраниот ученик се наградува со парична награда од Град Скопје.

Со актите и нормативите во училиштето е предвидена одредена хоризонтална проодност на учениците од еден на друг образовен профил, досега имало 3 такви барања од учениците.

Училиштето има развиен систем и во континуитет организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето. Училиштето изготвува акционен план за реализирање на активности во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ (МИО) и врши евалуација на спроведените активности. Поголем дел од наставниците се обучени за спроведување на активностите од МИО. Училиштето планира и реализира МИО активности на класните часови во склоп на образование за животни вештини.

## 2.2 Задржување/намалување на бројот (осипување) на учениците

Училиштето презема добро структурирани активности за промовирање на струките/секторите и образовните профили/квалификации кои се изучуваат со цел да го афирмира училиштето и запише што поголем број на ученици до пополнување на бројот предвиден со Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта. Активностите вклучуваат посета на основните училишта главно во реонот на општината, организирање на отворен ден за презентирање на училиштето пред учениците од основните училишта, изработка на брошури и флаери. Бројот на запишани ученици во

прва година во учебна 2021/22 година е 174 ученици, во 2022/23 е 177 учениците и во 2023/24 тој изнесува 174 запишани ученици.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ученици на ниво на училиште во учебната 2020/21 година изнесува 23 425, од кои 2690 неоправдани изостаноци односно 6 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната 2021/22 година вкупниот број на изостаноци изнесува 26 569, од кои 12983 неоправдани или 6 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната 2022/23 година вкупниот број на изостаноци изнесува 34 785 изостаноци, од кои 3244 неоправдани изостаноци или 7 неоправдани изостаноци по ученик.

Со цел подобрување на редовноста на учениците, согласно потребите и планот за советувања, училишниот психолог реализира советувања со родители и ученици и води уредна евиденција. Во учебните 2021/22 и 2022/2023 година реализирани се 193 (групни и индивидуални) советувања на родители и ученици, 90 по основ на нередовно посетување настава и 103 советувања со родители и ученици, заради намален успех во учењето. Во текот на учебната 2023/24 година, согласно потребите, училишниот психолог реализира советувањата според планот и програмата за советување. Според искуството на психологот индивидуалните советувања даваат значително подобри резултати.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно образовниот развој на ученикот (преведница), а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во училиштето, вработените се грижат да го задржат бројот на запишаните учениците. Во текот на годината има 4 ученици кои се осипуват поради заминување во странство, а 17 ученици се со сменет статус од редовен во вонреден. Училиштето располага со податоци за осипаните ученици. Во последните три учебни години, вкупно 43 ученици се испишале, односно преминале во друго училиште и има 42 ученика кои се запишале во ова училиште.

### 2.3 Повторување на учениците

Од увидот направен во училишната евиденција, односно од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година констатирано е дека во последните три учебни години има 2 ученика кои ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата за наставата. За успешна реализација на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања во електронска и пишана форма. На посетените часови наставниците користеа дневно оперативен план за наставен час. Директорот и стручниот соработник-психолог редовно ги следат планирањата на наставниците и обезбедуваат поддршката на наставниците за

вградување на целите од меѓуетничка интеграција, интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата. Најголем број од наставниците го запазуваат рокот за доставување на планирањата, пред почетокот на учебната година.

Покрај редовната настава наставниците ги планираат дополнителната и додатната настава, слободните ученички активности, како и практичната настава. Планирањата на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, со определени цели за постигањата на учениците. Наставниците разменуваат мислење за планирањата во рамките на стручните активи и со стручната служба. Примената на ИКТ е застапена во планирањата кај сите наставници.

Училиштето на наставниците им обезбедува учество на семинари и разни обуки, соработка со советници од Центарот за стручно образование и им дава насоки на новоработените наставници при изготвување на нивните планирања. Согласно законските процедури, директорот на училиштето на наставниците приправници им определува ментор од кого приправникот добива поддршка во однос на планирање на наставата..

Распоредот на часови го изработува наставник по математика вработен во училиштето. Истиот е изготвен во согласност со ангажираноста на наставниците кои дополнуваат часови од други училишта. Распоредот овозможува меѓуетничка интеграција, односно и во двете смени се изведува настава на трите наставни јазици. Училиштето навреме изработува и распоред за дополнителна и додатна настава.

## 3. 2  Наставен процес

Најголем број од наставниците користат наставни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Најголем број наставници користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или со целата паралелка, а поретко во група.

Во текот на интегралната евалуација училиштето располага со вкупно 90 персонални компјутери распределени во 2 кабинета (информатика и графичарство) по 25 работни места-монитори, останатите компјутери се распределени во секоја училница и во останатите простории на училиштето. Од информатичко компјутерска технологија училиштето располага и со 99 лаптопи, 6 смарт табли, 22 ЛЦД проектори и 30 таблети за учениците.

Во училиштето има услови за реализација на часовите со примена на информатичко-компјутерска тахнологија, но во одредени училници послаба е интернет мрежата. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ и во планирањата имаат предвидено реализација на наставни содржини со примена на ИКТ и користење на дигитални и е-содржини. Употребата на ИКТ во наставата е во согласност со предвидената динамика во годишните планирања.

Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на повеќето ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста и предзнаењата на учениците. Голем број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и на часовите се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Интеракцијата на релација наставник-ученик за време на часовите е добра, а интеракција ученик-ученик е делумно застапена, односно истата е позастапена за време на часовите по практична настава и стручните предмети. За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата поголем број на наставници користат соодветни форми и методи кои ја зголемуваат активноста и интересот на учениците за време на часот. Сите наставници со учениците се однесуваат

на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба.

Практичната обука се изведува во училиштето и во реални работни услови во приватни компании кои имаат потреба од стручни кадри кои што се образуваат во ова училиште. За соработка и реализација на практичната обука во текот на учебната 2023/24 година, училиштето има склучено меморандуми со 90 компании и тоа: Афродита С, Компанија Петковски, Полиестер Деј, Печатница Гапо, Жанета Естетик, Фризер Скопје, Фризерски салон 501, Фризер Тоше, Пивара Скопје, Млекара Суташ, Рептил, Пекара Диме, Компанија Атанасовски, Пекара Пите и други. Секоја учебна година се зголемува бројот на работодавачи со кои училиштето развива партнерски односи.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училишен простор е соодветно уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училиштето, почитувајќи ги естетските норми.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето може да биде поинтересен, тоа што се учи е поврзано со работно оспособување и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество. За време на часовите наставниците се трудат да ги охрабрат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Најголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење се зема во предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето.

Учениците сметаат дека училиштето доволно организира, поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интеракција на релација ученик-ученик најчесто е застапена при заедничка работа на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав.

Училиштето има склучено меморандуми и соработува со соодветни компании за реализација на практичната обука која им овозможува на учениците работа во реални работни услови.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставничкиот кадар и стручната служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. По идентификацијата на учениците (со потешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби) за нивните воспитно - образовни потреби и воннаставни активности, стручната служба и наставниците се трудат да дадат соодветна поддршка на тие ученици. За поддршка со тие ученици работи формираниот инклузивен тим кој работи според Програма за работа на инклузивниот тим за учебната 2023/24 година со планирани задачи и активности.

Во текот на наставата наставниците користат различни интерактивни техники кои ја зголемуваат активноста и интересот за време на часот, со цел, во процесот на поучување

да им се даде можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување.

Најголем број на наставници врз основа на стандарди за оценување изготвиле критериуми за оценување. Најголем дел од наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците доволно се вклучени во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми).

Наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Помал акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и на детектирањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. Наставниците ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина) и индивидуални средби со родителите (за пренесување на информации за конкретен ученик). Родителите добиваат и пишани извештаи (евидентен лист). Исто така, има истакнат распоред за приемен ден, односно одреден термин за прием за секој од наставниците

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, а родителите имаат пристап до него и добиваат известувања преку телефонски пораки.

## 4. ПОДДРШКА  НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор  е безбеден за изведување настава и други воспитно-образовни активности. Училиштето има Правилник за заштита од пожари како една од мерките за заштита од елементарни незгоди. Со овој правилник се пропишани мерки  за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. За таа потреба, училиштето има распоредено 6 хидрантски црева од кои по проверката на ОГНОПРЕВЕНТ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје на 28.11.2023 година е утврдено дека сите се во функција за што е издаден Записник бр.102-2/23 од 28.11.2023 година. Исто така училиштето располага со 11 ПП апарати кои последен пат се сервисирани на 28.11.2023 година и е издаден Потврда за нивната функционалност од

ОГНОПРЕВЕНТ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје бр.8-29-2023 од 28.11.2023 година. Училиштето има физичко обезбедување, а истото го изведува Друштво за услуги СЕКЈУРИТИ ГРУП СЕРВИС ДООЕЛ СКОПЈЕ врз основа на склучен Договор бр.0307-2423/1 од 31.08.2023 година со кој се опфаќа физичко обезбедување за време на наставата (од 07:00 do 19:00 часот). Сите ученици се осигурани заради потребите при реализирањето на практичната настава со Полиса бр.405074000185 од Акционерско друштво за осигурување Винер.

Во училиштето еден дел од наставниците и хаусмајсторот се обучени за употреба и ракување со противпожарни апарати.

Во текот на последниве три години извршена е симулација за заштита од елементарни незгоди, земјотрес или пожар.

Инфраструктурата во училиштето (мебелот, подовите, кровот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Учениците постојано се поучуваат од наставниците како да се однесуваат кон потенцијално опасните места.

Во училиштето има обучени двајца наставници за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Во текот на учебната година дел од учениците се обучуваат за давање прва помош како волонтери од страна на Црвениот крст.

Дежурните наставници за време на одморите меѓу часовите, водат грижа за безбедноста на учениците со дежурство.

Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници, за учениците, за родителите. Кодексите се истакнати на видно место во училиштето. Кодексот го почитуваат во најголема мера сите структури.

Во училиштето има пишани документи за спроведување на училишна политика за ненасилство во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство. За спречување на насилство раководителите на паралелките разговараат на оваа тема со учениците и нивните родители. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите во локалната заедница, најчесто со Здравствени организации, Црвен крст, Министерството за внатрешни работи, Полициско одделение „Пролет“ и Општина Аеродром.

Психологот, покрај советодавна работа со учениците, реализира работилници на кои се третираат актуелни теми како другарство, хуманост, решавање конфликти, спречување насилство.

Во училиштето има политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и употреба на наркотични супстанции. Нема забележано вакви појави во училиштето. Во училиштето има истакнати знаци за забрана за пушење.

Училиштето нема организирана исхрана за учениците. Во училишниот хол е поставен автомат за чај, топло чоколадо и кафе од производна фирма „Интерфуд“ – Скопје со која училиштето има склучен договор за поставување на автомат за самопослужување (0307-118/01 од 05.09.2023 година). Учениците и вработените се снабдуваат со храна од околните продавници. Со цел да се поттикнат и мотивираат учениците за здрав живот, во училиштето се води кампања за здрава исхрана. Преку проектот „Еко училиште“, се спроведуваат предавања на учениците за стекнување на здрави навики.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на ученикот со физичка попреченост пристапна рампа. Просторот во ходниците и во

училниците овозможува негово движење. Училиштето има и прилагоден тоалет за ученици со физичка попреченост.

Во училиштето има договорени процедури за помош на ученици од социјално загрозени семејства и на истите им се издава потврда за апликација за стипендија преку МОН. Секогаш на учениците од социјално загрозени семејства им се овозможува да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Притоа, училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со другите релевантни институции (Центарот за социјална работа, хуманитарните организации и деловната заедница).

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиште е на високо ниво. Во текот на учебната година во училиштето се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а последната е извршена на 19.09.2023 година од ДТУ ТОКСИ-ВЕТ дооел, Скопје. Тоалетите за наставниците и за учениците редовно се чистат во текот на денот.

Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чисти редовно и тоа еднаш во месецот. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Во училиштето од Град Скопје се донирани и се употребаат прочистувачи на воздух во секоја училница.

Дворот на училиштето е уреден и чист од секаков вид отпадоци, а земјените површини се позеленети и редовно се одржуваат. Предниот дел од дворот е уреден со зеленило, клупи. Во училишниот двор, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето целосно ги реализира точките на акции од воспоставените еко-стандарди со цел постигнување на високо ниво на хигиена во училиштето и заштита на здравјето на учениците и вработените.

Во склоп на годишната програма на училиштето содржана е програма за заштита и унапредување на здравјето на учениците и култура на живеење. Училиштето има и програма за превенција од заразни болести. Редовно се вршат систематски и санитарни прегледи на вработените. Последниот систематски преглед е извршен од 05 до 12.12.2022 година преку ПЗУ Поликлиника Медика-Крива Паланка, подружница Скопје, Договор заведен со бр.03-1939/1 од 28.11.2022 година, а санитарниот е спроведен од 06 до 10.10.2023 година преку ЈЗУ Центар за Јавно здравје - Скопје. Во соработка со Поликлиника Јане Сандански – училишна превентива редовно се вршат систематски прегледи и вакцинирање на учениците согласно со националната програма за здравствена заштита.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго отсуствуваат од настава. Процедурите се спроведуваат во практика на иницијатива на раководителот на паралелката или предметен наставник, во соработка со родителите и други релевантни институции.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето им обезбедува на учениците информации за мрежата од факултети во државата како и надвор од неа. Од факултетите доаѓаат соодветни лица кои вршат презентации за можностите за студирање на нивните факултети, а сето тоа е промовирано на училишниот вебсајт. Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и целосни информации за можностите за понатаношно образование.

Во училиштето е формиран кариерен центар. Според програмите за кариерно советување на средношколци, тој има за цел, едуцирање и насочување на учениците како да бидат поконкурентни на пазарот на трудот. Во училиштето има тројца обучени кариерни советници. Обучените наставници ги советуваат учениците како да управуваат со својата кариера за време на своето образование, почнувајќи од избор на главната професионална ориентација до експериментирање и истражување на најразлични опции за кариера. Во рамките на кариениот центар е опфатено анкетирање и тестирање на учениците.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците со емоционални потешкотии кај учениците од било кој вид. Стручниот соработник психолог е обучен да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции. За учениците со емоционални потешкотии, училиштето по потреба соработува со институции како што се здравствени установи, Центар за социјална работа, полиција и други.

### 4.4 Следење на напредокот

Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења. Се врши следењето на постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Раководителите на паралелката водат уредна евиденција во дневникот на паралелката за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки се доставуваат на увид на стручната служба (психологот) и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се разгледуват на органите во училиштето и се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Учениците кои постигнувале забележителни резултати и освоиле награди на натпревари, дополнително се промовират и се стимулираат.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

СУГС„Димитар Влахов“- Скопје е препознатливо според струките кои што се изучуваат, квалитетот на работа како и според остварувањето на визијата и мисијата. Училиштето остварува многу добра соработка со приватни и државни компании кои имаат потреба од стручни кадри кои што се образуваат во ова училиште, во кои учениците ја реализираат практичната настава и кои по завршувањето на образованието нудат можност за вработување на учениците. Училиштето ја подржува инклузивноста, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените добро се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива голем респект кај родителите.

Училиштето има посебни кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се

третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Училиштето има донесено Еко-кодекс кој е истакнат на видно место, во холот на училиштето. Во него се поставени правилата на однесување, согласно содржините на еколошката програма.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во училиштето, а тоа се гледа од нивното однесување со учениците, вработените, родителите, како и посетителите на училиштето.

Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците  за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности.

Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на многу добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето соодветно го применува Упатството за начинот на изрекување педагошки мерки врз основа на кое има изготвено интерен правилник за изрекување педагошки мерки, донесен со Одлука бр.02-617/3 од 11.05.2015 година. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина, упатена кон припадниците на различните етнички заедници. Во последните три учебни години има изречени педагошки мерки  и тоа во учебната 2021/2022 година изречени се 76 педагошки мерки од кои 36 отстранување, во учебната 2022/2023 година изречени се 87 педагошки мерки од кои 44 отстранување, а оваа учебна година до моментот на спроведување на интегралната евалуација изречени се 44 педагошки мерки од кои 8 мерка отстранување од училиште. Големиот број на изречени мерки е резултат на осипувањето на учениците поради заминување во странство, за што училиштето води уредна постапка.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формирана ученика заедница, која функционира според изготвена Програма за работа на ученичката заедница. Притоа учениците добиваат поддршка од двајца предметни наставници во однос на планирање, организирање и документирање на активностите. Сите ученици се навремено информирани и учествуваат при решавање на проблеми и партиципираат со свои мислења и предлози при донесување на одлуки што се од нивен интерес. Ученичката заедница е активна и води записници од одржаните состаноци и изготвува извештај од сработеното согласно програмата.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето превзема активности за промовирање на постигањата на учениците. Истите се истакнуваат на веб-страната на училиштето и на социјалните мрежи. Училиштето користи начини за промовирање на личните постигања на учениците и во пошироката локална средина преку соработка со локална заедница, комора на занаетчии, настани на кои се промовира здравје и убавина и тоа најчесто модни ревии и саеми, хуманитарни акции.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Училиштето

избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор содржани во интерниот правилник за избор на ученик на генерација донесен со Одлука бр.02-617/4 од 11.05.2015 година

Училиштето развива политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех (книги, дипломи, благодарници и симболична награда поврзана со струката). Во екипните натпревари тимовите се со мешан етнички состав.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето, се запознати со правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите надвор од часовите.Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници.Училиштето во своите програмски документи планира и реализира активности за запознавање на учениците со културата и традицијата на другите етнички заедници. На редовните часови планирани се содржини за меѓуетничка интеграција.Со Одлука бр.04-1273/1 од 30.09.2015 година и измената кон истата заведена со дел.бр.02-1663/3 од 22.09.2023 година донесена од директорот на училиштето формиран е тим за планирање и следење на реализираните активности од проектот за меѓуетничка интеграција. Активностите се реализираат само во рамките на училиштето.Оваа учебна година училиштето аплицирало за гранд преку Министерството за образование и наука заедно со СУГС Гимназија„Јосип Броз Тито“ –Скопје. За таа цел склучило меморандум за соработка со СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Скопје заведен со бр.03-2297/1 од 30.11.2023 година во кое воспитно-образовната работа се остварува на македонски и турски наставен јазик. Училиштето организира заеднички наставни и воннаставни активности наменети за културно/јазично мешани групи. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените во училиштето. Почнувајќи од учебната 2021/2022 година училиштето планира и реализира заеднички часови во рамките на проектот Меѓуетничка интеграција на младите во образованието и тоа најчесто по стручните предмети, на часовите од практична настава и спорт и спортски активности. За реализација на заедничките часови училиштето од основачот добива еднократен износ на парични средства за матерјали, а се вреднуваат и наставниците кои се вклучиле со цел што поголема вклученост.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето превзема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Особено клучна е соработката со родителите при изборот на компанија за реализирање на практичната настава. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот одбор во кои вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на

постигања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родителите во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница, стопанските субјекти и невладиниот сектор, преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница, преку спроведување на заеднички проекти поттикнати од двете страни. Во таа насока училиштето има склучено меморандум за соработка со Македонско модно здружение – концепт моден кластер заведен со бр.03-262/1 од 13.02.2023 година за партнерство во реализацијата на фешн викенд настаните при што учениците се вклучуваат во подготовка на моделите, меморандум за соработка со М-соунд заведен со бр.03-571/1 од 27.03.2023 година за соработка при реализирање на балетската претстава Петар Пан при што учениците се вклучуваат во подготовка на балерините со шминка и фризура, меморандум за соработка со Друштво за обуки за убавина Арт и бјути дооел заведен со бр.03-756/1 од 03.05.2023 година за активности во насоки на промоција на занимањата од лични услуги, соработка со Стопанска комора и комората на занаетчии на Град Скопје, Меморандум за соработка со Технолошко – металуршки факулет заведен со бр.03-938/1 од 27.05.2022 година за унапредување на едукативните, истражувачките и апликативните активности за учениците и наставниот кадар од хемиско-технолошката струка. Училиштето остварува кбвалитетна соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа/ практична обука. За таа цел склучени се и 147 меморандуми за соработка со приватни компании за реализирање на часовите од практична настава и феријална пракса (113 фризерски-козметички салони, 29 компании за сектор хемија и технологија и останатите се од графичка струка). Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата. Во таа насока остварена е соработка со ЈУ„Завод за рехабилитација на деца и младинци“- Скопје за општествен придонес за лицата штитеници на овој завод при што учениците од СУГС„Димитар Влахов“ се вклучуваат со фризерско- козметички услуги за штитениците, потстрижување стари лица од старечки домови како и соработка со средните училишта на ниво на град Скопје.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишната зграда е објект од тврда градба, со вкупна површина од 2629 $m^2$ со подрум, приземје и кат. Во сопственост на училиштето е и фризерско-козметички салон лоциран во Општина Карпош. Училишниот двор е со површина од 1790$m^2$ и е целосно хортикултурно и партерно уреден. Во задниот дел од дворот има отворено игралиште со површина 1100 m2 кое се користи за потребите на наставата по наставниот предмет спорт и спортски активности со оглед дека училиштето нема фискултурна сала. Дворот на училиштето е целосно заграден.

Училиштето располага со 16 училници, 1 кабинет по информатика, 2 кабинети за реализирање на практична настава за образовниот профил фризер од кои еден е надвор од училишниот објект и 2 кабинети за реализирање на практична настава за образовниот профил естетчар за нега на раце и нозе од кои еден е надвор од училишниот објект, еден кабинет/козметички салон за образовен профил техничар за козметичка нега и убавина, еден кабинет/работилница и две хемиски лаборатории во кои се реализираат вежби и практична настава за образовниот профил прехранбен техничар, еден кабинет/работилница за графичарство во кој се реализираат вежби и практична настава од графичка струка, библиотека, наставничка канцеларија со канцеларија за помошник директор, 4 простории за административно-технички кадар, просторија за кариерен центар, сала за состаноци и мултимедијална училница.

Загревањето на училишниот објект е со централно греење.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Постојат пријатни, просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училишната зграда, односно училиниците лоцирани на приземјето се пристапни за ученици со телесни пречки во развојот за што училиштето обезбедило пристапна рампа и приспособен тоалет, но се пристапни работилниците само за дел од струките.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни, нагледни средства и други технички помагала е многу добра и истата има тенденција на подобрување.

Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала на ниво на стручни активи и прави напори за нивна набавка, според финансиските можности. Од наставни помагала училиштето располага со целосна опрема, матерјали, алат и прибор за изведување на практичната и теоретската настава по стручните предмети, нагледни

средства и помагала за општообразовните предмети (историски карти, спортски реквизити, нагледни средства по биологија, хемија и математика)

Од информатичко-комуникациска технологија училиштето располага со 65 персонални компјутери, 99 лап-топи, 6 интерактивни табли и 22 проектори од кои 7 се фиксно поставени во училниците, а останатите се мобилни, 37 таблети и 6 пеинт таблети за цртање, 2 големи фотокопири и 11 печатари (од кои еден е печатар плотер кој се применува во графичката струка), дигитален фотоапарат исто така наменет за потребите на графичка струка.

Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Истиот ги изразува потребите утврдени од страна на стручните активи и во текот на годината според финансиските можности и приоритети се обновуваат и дополнуваат.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ги користат во наставата и во учењето.

Училишната има библиотека е добро уредена, опремена со 3 компјутери и има пристап до интернет. Располага со повеќе од 5 книги по ученик вклучувајќи ги и лектирните изданија, со околу 2700 наслови лектирни изданија на трите наставни јазици, 884 стручна литература најголем дел на македонски наставен јазик, 5736 книги по жанрови и 134 литература на странски јазик. Има вработено библиотекар со половина работно време ангажиран во библиотеката и останатото е ангажиран како помошник директор. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците согласно распоредот за работното време на библиотекарот. Библиотекарот располага со електронска евиденција за книжниот фонд, а евиденцијата за издадените и вратени книги е во инвентарна книга. Приемот и складирањето на учебници го врши библиотекарот. Според изјаснувањето на родителите и учениците истата располага со доволен број примероци и ги задоволува потребите на учениците.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал, потребен за реализација на наставните и воннаставните активности и практична настава во рамки на финансиските можности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно, според утврдениот финансов план, планот за јавни набавки и интерната процедура за спроведување набавки за кои не се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки.

Училишните работилници за практична настава се опремени со соодветни современи машини, уреди, апарати и алати кои одговараат на стандардот за простор и опрема. Учениците знаат и имаат вештини да ја користат опремата при реализацијата на практичната настава. Опремата редовно се одржува и секогаш е во исправна состојба. Училиштето редовно ја заменува старата и амортизирана опрема со нова.

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници, за реализирање на воспитно- образовниот процес.

Наставниот процес во училиштето го реализираат вкупно 64 наставници од кои 3 врз основа на склучен договор надополнуваат фонд во училиштето, а правото од работен однос го остваруваат во други училишта. Од нив 22 се вработени на определено работно време. Двајца наставници се приправници и за нив е назначен ментор. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со нормативите од наставнта програма освен 5 наставници кои не се соодветни и 3 делумно соодветни, но истите се ангажирани по пат јавен оглас како единствени пријавени кандидати. Училиштето постапува согласно со законската регулатива при реализација на приправничкиот стаж.

Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставен кадар, училиштето во соработка со основачот води грижа навремено да обезбеди соодветна замена.

Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно - образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на ЦСОО и БРО со поддршка од Министерството за образование и наука како и со нивно индивидуално професионално образување. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на административно - техничкиот персонал.

Училиштето има стручен соработник психолог кој е приправник и на кој му е определен менор од ист образовен профил, од друго училиште. Има Програма за работа

која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Психологот само по барање на наставниците им помага во реализација на наставата, во следењето на напредокот на учениците, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и/или во давањето советодавна помош за работа со учениците. Помошта и поддршката за работа со деца со посебни образовни потреби е на добро ниво.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој при што ги има во предвид основните професионални компетенции за наставници. Има изготвено програма за професионалниот развој базирана на детектираните потреби на наставниците по претходно изготвен индивидуален план за професионален развој.

Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари, организирани од страна на Министерство за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука како и на обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани обучувачи поддржани од основачот и од МОН. Во финансискиот план за тековната учебна година се предвидени средства наменети за обука на наставниот кадар и обуките тековно се реализирани.

Наставниот кадар и психологот имаат ажурирани професионални досиеја.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има донесено пишан документ за определување на приоритети за финансовиот план во кој се регулирани процедурите за обезбедување и распределувањето финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за реализација на активностите предвидени во програмата на ученичката заедница. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето на крајот од тековната година. Училишниот одбор редовно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

## 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

### 7.1 Управување и раководење со училиштето

Со училиштето управува Училишнен одбор (УО) конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата и етничката структура. Сите членови се со важечки мандат. Работата на УО е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива. Постои деловник за работа на Училишниот одбор заведен под дел.бр.02-614/2 од 02.11.2006 година и со истиот се запознаваат новите членови при нивното именување. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи програмата за работа на УО со испланирани активности, временска рамка и реализатори. Нема случаи на одложување/неодржување на седниците на УО поради немање кворум за работа. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со раководниот орган на училиштето е многу добра, со остварен партнерски однос. Според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Запознаени се со целокупното работење на училиштето, програмските документи и извештаите од работата на училиштето. Според изјаснувањето на членовите, училиштето навремено обезбедува сеопфатни информации за работењето.

Раководен орган на училиштето е Директор во прв мандат, именуван со Решение Бр.08-4394/1 од 21.04.2022 година од Градоначалникот на Град Скопје, кој ги исполнува исполнува условите за директор согласно со закон.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Промените во образовниот систем успешно ги имплементира во училиштето. Фокусот на работењето на директорот е на: унапредување на квалитетот на наставата и зајакнување на компетенциите на наставниот кадар преку обуки, доопремување на кабинетите за практичната настава, зајакнување на соработката со деловната заедница (бизнис секторот) и афирмирање на училиштето со цел зголемување на интересот за упис во училиштето.Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница особено во подигање на нивото при реализирање на практичната настава, вклучувајќи и партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието и аплицирање за добивање гранд од МОН. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

Стручните органи во училиштето работаат според изготвени програми кои се во содржани во годишната програма за работа на училиштето.

Работата на Советот на родители е планирана со програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Работата на Советот на родители е утврдена со Правилник за работа на Советот на родители заведен под дел.бр.02-1062/7 од 20.05.2011 година и измените кон истиот заведени со бр.02-406/4 од 20.03.2009 годиина и бр.02-1041/4 од 06.10.2020 година.

## 7.2. Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето се добро утврдени во програмските документи на училиштето. Тие се јасни и добро поставени во согласност со државната и локалната образовна политика. Во креирањето на мисијата и визијата во најголема мера учествуват вработените, свои предлози повремено даваат и родителите и учениците. Истите континуирано се запознаваат со нивното остварување и подобрување. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има договорени процедури за донесување на училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, граѓански активизам, намалување на сите видови насилства во училиштата, намалување на семејното насилство, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките како и во активностите за нивно остварување.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и

евалуација и индикатори за остварување на резултатите и истиот го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

## 8.1. Силни страни

- Остварена добра соработка со локалната и бизнис заедницата;
- Склучени меморандуми за соработка со голем број на компании за реализација на практична обука во реални услови
- Добро развиен механизам на промовирање на струките и постигањата на учениците
- Остварена многу добра соработка на раководниот орган со сите структури и органи во училиштето

## 8.2. Слаби страни

- Училиштето нема фискултурна сала

## 8.3. ПРЕПОРАКИ

- **Училиштето да ги продолжи активностите за изградба на фискултурна сала**

| | |
|---|---|
| Соња Миладинова,  Раководител на инспекцискиот тим | |
| Христина Јовановска, Инспектор член | |